**29.11.2021**

.




Општина Демир Хисар во соработка со Здружението на граѓани „Валентин Стефановски“, в о спортската сала „Јордан Пиперката“, Демир Хисар, викендов го организираше седмиот традиционален фудбалски турнир во чест на ликот и делото на Валентин Стефановски. На официјалното отворање на турнирот кој започна на 26.11.2021 година, ден петок, под покровителство на Општина Демир Хисар, присуствуваше и градоначалникот Никола Најдовски.

. Како што најавија од Здружението, така и непречено се одвиваше овогодинешниот турнир, кој траеше три дена, а без присуство на публика и согласно пропишаните мерки и утврдените протоколи од страна на државниот врв за одржување на спортско - рекреативни манифестации. Поради пандемијата со корона вирусот, овогодинешниот турнир беше од помал формат и учествуваа само осум екипи на покана од организаторот З.Г „Валентин Стефановски“ Демир Хисар, согласно мерките за заштита од корона вирусот. . Градоначалникот

Најдовски, ја истакна големината и важноста на овој турнир кој се игра во чест на другарот и нашиот сограѓанин, кој прерано нè напушти, Валентин Стефановски - Тинко.

Најдовски, исто така, во лично негово име и во име на сите вработени во локалната самоуправа упати честитки до сите екипи - учесници ѝ им посака коректна и, пред сè, фер-плеј игра. Како што и самиот напомена, во рамките на можностите, секогаш, општината ќе придонесува да овој турнир биде беспрекорно организиран, сè со цел да му се оддаде една огромна почит кон ликот и делото на нашиот ТИНКО. А, меѓу другото, Најдовски, ја поздрави и одличната организација од страна на Здружението и на сите учесници им посака многу успех и среќа во натпреварувањето.

.

Од Здруженито на граѓани, изразија благодарност до сите екипи кои учествуваа на овој турнир, благодарност до Општина Демир Хисар и градоначалникот на Демир Хисар, Никола Најдовски, за несебичната поддршка за реализација на уште еден турнир во чест на нашиот Валентин.

- Се надеваме дека следната 2022 година, ситуацијата ќе биде многу поповолна за нас, а со тоа ќе имаме можност за организирање на голем турнир. У
ште еднаш, благодарност до сите кои на било каков начин помогнаа за реализација на овој турнир, истакнаа од Здружението.

.

. Во прилог, резултати од финалната вечер на седмиот меморијален турнир во мал фудбал „Валентин Стефановски", Демир Хисар, на којашто градоначалникот им додели

дипломи за најдобрите: **. 28.11.2021 (недела)**
**Натпревар за трето место:** З.Г „Виктор Илиоски" (2-5) З.Г „Начко" . **Натпревар за прво место:** Тин
ко 10 (1-1) Бучин (0-2 пенали)

.

**Рангирање:**

1. Екипа: Бучин

2. Екипа: Тинко 10

3. Екипа: З.Г „Начко" Битола

.

.


ПЕРКАТА

[illegible]